Предлог

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 и точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26), а по предлог на Градоначалникот на Општина Велес,

Советот на Општина Велес на 10-та седница одржана на ден _.04.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање на трајно користење на движни ствари – пластични канти за отпад за домаќинствата во село**

**Член 1**

Со оваа одлука Општина Велес на ЈКП „Дервен“ – Велес му дава на трајно користење, без надомест движни ствари-пластични канти за отпад за домаќинствата во село, во зелена боја, со капацитет од 120 литри, во количина од 1.150 (парче).

Движните ствари од став 1 од овој член, се набавени преку проектот „Набавка на пластични канти за отпад за домаќинства во село“, со финансиски средства на Општина Велес и Министерство за локална самоуправа - Бирото за регионален развој од Програмата за рамномерен регионален развој за 2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 25/25).

**Член 2**

Се задолжува ЈКП „Дервен“ – Велес движните ствари од член 1 од оваа одлука, да ги распредели на домаќинствата во селата на подрачјето на Општина Велес, согласно Планот за распределба.

За примопредавањето на движните ствари, помеѓу Општина Велес и ЈКП „Дервен“ – Велес, ќе се состави Записник.

**Член 3**

Вредноста на движните ствари од член 1 од оваа одлука, е со вкупен износ од 1.153.450,00 денари со ДДВ.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Образложение**

Со цел да се подигне степенот на хигиена на улиците и околу точките каде се депонира смет во селата, општината со проектот „Набавка на пластични канти за отпад за домаќинствата во село“, набави 1.150 пластични канти за отпад наменети за домаќинствата во селата, кои се наоѓаат на територијата на Општина Велес.

Движните ствари се набавени преку наведениот проект, со финансиски средства на Општина Велес и Министерство за локална самоуправа - Бирото за регионален развој од Програмата за рамномерен регионален развој за 2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 25/25).

Со оваа одлука Општина Велес ги дава пластичните канти на ЈКП „Дервен“ – Велес, на трајно користење, без надомест, како и го задолжува ЈКП „Дервен“ – Велес дадените пластични канти за отпад, да ги распредели на домаќинствата во селата на подрачјето на Општина Велес, согласно Планот за распределба.

За примопредавањето на движните ствари, помеѓу Општина Велес и ЈКП „Дервен“ – Велес, ќе се состави Записник.

Врз основа на горенаведеното, се предлага оваа Одлука до Советот на Општина Велес.